ОНЕ.ВИП ДООЕЛ Скопје
Бр. 08-1359/1
06-03-2019
Скопје

Јавна Здравствена установа
УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА
ЗА НЕВРОЛОГИЈА
Бр. 0307-550/1
07.03 2019 год.
СКОПЈЕ

**ДОГОВОР**
**ЗА ФИКСНА ТЕЛЕФОНИЈА И ИНТЕРНЕТ УСЛУГИ**
**Оглас 3/2019**

1. **ЈЗУУ Клиника за неврологија Скопје** Ул.Водњанска Бр. 17 Скопје претставувано од В.Д. Директор Д-р. Иван Барбов, (во понатамошниот текст: ДОГОВОРЕН ОРГАН ) и

2.ДКУ-ОНЕ.ВИП ДООЕЛ Скопје со седиште на~~Адреса~~ Плоштад Пресвета Богородица бр. 1 Скопје, претставувано од директор за продажба Ренато Дивјак (во понатамошниот текст: НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА).

## ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Предмет на овој Договор е уредувањето на правата и обврските помеѓу **ЈЗУУ Клиника за неврологија Скопје** од една страна како Договорен орган и **ОНЕ.ВИП ДООЕЛ** Скопје од друга страна како Носител на набавката, а кои произлегуваат од склучувањето на овој Договор за јавна набавка на фиксна телефонија и интернет со веб хостингза потребите на договорниот орган.

Договорот се склучува врз основа на прифатена понуда согласно тендерската документација поднесена од понудувачот (носител на набавката), по Огласот за доделување на договор за јавна набавка број **3/2019** објавен веб страницата на Бирото за јавни набавки и Одлука за избор на најповолен понудувач број **0507-487/1 од 25.02.2019** година, донесена од одговорното лице на договорниот орган.

**Член 2**

Со овој договор носителот на набавката му овозможува на договорниот орган пристап на јавната комуникациска мрежа и користење на јавнатафиксна телефонија и интернет со веб хостингдефинирани во тендерската документација од договорниот орган, согласно поднесената понуда дадена во прилозите на овој договор.

Со овој договор се регулираат меѓусебните права и обврски на носителот на набавката и договорниот орган, како договорни страни во согласност со: Законот за електронските комуникации и правилниците, прописите и стандардите донесени во согласност со Законот за електронските комуникации.

Услугите, основните и дополнителни услуги кои се предмет на овој договор како и цената се дефинирани во прилозите на овој договор и се негов составен дел.

Измена на одредена услуга се врши со взаемно потпишување на Анекс кон договорот, со кој се регулира измената.

Измената на адресата односно седиштето или друг битен елемент со кој се одредува идентификацијата на договорниот орган како субјект во правниот промет треба задолжително да биде пријавена кај носителот на набавката во рок од 15 дена од настанувањето на измената,

Во прилозите на овој договор може да се утврдуваат и посебни услови соодветни на воспоставените деловни односи помеѓу носителот на набавката и договорниот орган,

На барањата на договорниот орган за вклучување или исклучување на дополнителни услуги, носителот на набавката има обврска да постапи најдоцна еден ден по поднесувањето на барањето.

## ЦЕЛ НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Целта на овој Договор е набавка на фиксна телефонија и интернет со веб хостингза потребите на договорниот орган, согласно поднесената понуда дадена во прилог на овој договор.

## ПРАВА И ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

**Член 4**

Носителот на набавката се обврзува во согласност со применливите прописи од оваа област да:

- му обезбеди на договорниот орган добра и квалитетна услуга,
- обезбеди редовна и непрекината јавна фиксна комуникациска услуга и интернет,